## ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**Политиката за квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа е насочена кон исполнување на барањата на купувачите на услугите, јавноста, заинтересираните страни и вработените согласно барањата на стандардите ISO 9001:2008, ISO 14001:2004 и OHSAS 18001:2007.**

**МИСИЈА:**
Мисијата на **ТЕХНОМЕТАЛ - ВАРДАР извоз-увоз, АД Скопје** е со врвен квалитет на услугите на внатрепен и надворешен промет ефикасно да ги исполнува потребите и очекувањата на корисниците на услуги со почитување на законските и други барања на заинтересираните страни.

**ВИЗИЈА:**
Визијата на **ТЕХНОМЕТАЛ - ВАРДАР извоз-увоз, АД Скопје** е да го задржи приматот на водечка трговска организација во Р.Македонија со широк спектар на трговски активности.

**ТЕХНОМЕТАЛ - ВАРДАР извоз-увоз, АД Скопје** во остварување на својата мисија е насочен кон спроведување и почитување на следниве принципи:

- ✓ **Исполнување на барањата** на Интегрираниот систем за менаџмент со квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа (ISO 9001:2008, ISO 14001:2004 и OHSAS 18001:2007);
- ✓ **Воспоставување, следење и преиспитување** на политиката и целите за квалитет, општите и посебни цели за животната средина и безбедност и здравје при работа;
- ✓ **Исполнување и надминување** на барањата и очекувањата на купувачите и заинтересираните страни;
- ✓ Создавање на **култура за квалитет, животна средина и безбедност и здравје** при работа;
- ✓ **Почитување на важечките законски прописи и барања;**
- ✓ **Професионален однос** со поддоговарачите и заинтересираните страни и исполнување на договорените рокови;
- ✓ **Континуирана едукација на персоналот, зајакнување на одговорноста на вработените и развивање на партнерски односи;**
- ✓ **Грижа за животната и работната средина преку мерење на загадувањата врз животна средина и влијанијата врз здравјето и безбедноста на вработените;**
- ✓ Воспоставување на **ефикасна комуникација со сите заинтересирани страни** со цел размена на информации поврзани со квалитетот, заштита на животна средина и безбедност и здравје при работа;
- ✓ Спречување на повреди при работа создавајќи **безбедна работна средина, безбедни работни места и безбедна опрема за сите вработени**;
- ✓ **Постојано подобрување** на системот за менаџмент со квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа;

**Политиката за квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа е достапна на јавноста и вработените и претставува рамка за утврдување и преиспитување на целите за квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа и сите вработени се запознаени со неа.**

Март, 2013

Претседател на управен одбор
Кочо Моцан